Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup

Бр. / Nr. 03-2815
15-01-2025 год. / viti

Врз основа на член 17, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] и член 17, став 2 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 102/19 и 272/24), членот на Инспекцискиот совет, по овластување на претседателот на Инспекциски совет, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted] бр. 03-1171/1 од 24.12.2024 година и застапник полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

### О б р а з л о ж е н и е

На 24.12.2024 година, [redacted], до Инспекцискиот совет достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-1171/1 од 24.12.2024 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена следната информација:

- Ве молиме да ни ја доставите информацијата и конечната одлука од постапката за утврдување дисциплинска одговорност на Државниот просветен инспектор Африм Саљиу, како и одлуката за привремено одземенета лиценца поради несовесност, односно злоупотреба на службената должност од страна на Државниот просветен инспектор Африм Саљиу.

Во предметното Барање, барателот навел дека бара содржината на бараната информација да и се достави во форма на препис, фотокопија и електронски запис на посочената е-адреса ([redacted])

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-1171/1 од 24.12.2024 година и по извршената проверка на наведениот предмет, Во прилог Ви доставуваме:

- Заверена копија – верна на оригиналот, Информација во врска со донесување Решение за формирање дисциплинска комисија и Решение за привремено

одземање на лиценца на Африм Саљиу, државен просветен инспектор, бр.16-558/36 од 21.11.2019 година;

- Заверена копија – верна на оригиналот, Решение за привремено одземање лиценца на државен просветен инспектор Африм Саљиу, бр. 16-558/37 од 21.11.2019 година;
- Заверена копија – верна на оригиналот, Одлука за утврдување на дисциплинска одговорност, бр. 16-558/45 од 11.12.2019 година;
- Заверена копија – верна на оригиналот, Информација за спроведувањето на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност против Африм Саљиу, државен просветен инспектор во Државен просветен инспектор, бр. 16-558/47 од 27.12.2019 година;
- Заверена копија – верна на оригиналот, Решение за отповикување за одземање на лиценца за инспектор, бр. 16-558/48 од 27.12.2019 година.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

По овластување од претседателот
на Инспекциски совет,
Влатко Серафимов, член на Инспекциски совет

Доставено:
- до барателот на информацијата и
- во архивата на Инспекцискиот совет.

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор